Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за проширување и пренамена на средствата-ребаланс во Буџетот на Општина Ѓорче Петров**
**за 2010 година**

Се објавува Одлуката за проширување и пренамена на средствата-ребаланс во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2010 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 07.07.2010 година.

**Број 08-2072/1**
**од 08.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Vrz osnova na ~len 36 stav 1 to~ka 2 od Zakonot za lokalna samouprava (Sl.vesnik na RM br. 5/2002 godina), a vo vrska so ~len 34 od Zakonot za Buxetite ( Sl.vesnik na RM br.64/05,4/08),Sovetot na Op{tina \or~e Petrov na 27 -ta Sednica odr`ana na 07.07.2010 godina ja donese slednata:

ODLUKA
Za pro{iruvawe i prenamena na sredsvata - rebalans vo Buxetot
na Op{tina \or~e Petrov za 2010 godina

^len 1

So ovaa Odluka se vr{i pro{iruvawe i prenamena na sredstvata vo Buxetot na Op{tina \or~e Petrov za 2010 godina i toa na sledniot na~in:

| Se zgolemuvaat prihodite na slednite podstavki | | Buxet | Samofin.aktiv. | Dotacii |
|---|---|---|---|---|
| 741211 | Kapit. transf. od drugi nivoa na vlast | 5.000.000 | 0 | 0 |
| | | ------------------------------------------------- | | |
| | | 5.000.000 | 0 | 0 |
| I se rasporeduvaat na slednite potprogrami i rashodni podstavki | | | | |
| A00 | SOVET | | | |
| 464990 | Drugi transferi | 920.000 | 0 | 0 |
| D00 | GRADONA^ALNIK | | | |
| 413110 | Tekovna buxetska rezerva | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 424110 | Popravka i servisirawe na mot.vozila | 100.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Drugi transferi | 100.000 | 0 | 0 |
| 471990 | Druga socijalna pomo{ | - 500.000 | 0 | 0 |
| DA0 | MESNA SAMOUPRAVA(KAPIT.TRO[OCI) | | | |
| 481230 | Rekonstrukcija na delovni objekti | - 800.000 | 0 | 0 |
| E00 | OP[TINSKA ADMINISTRACIJA | | | |
| 424110 | Popravka i servisirawe na motorni vozila | 100.000 | 0 | 0 |
| 424120 | Popravka i servisirawe na tovarni vozila | 100.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Drugi operativni rashodi | 300.000 | 0 | 0 |
| 427110 | Privremeni vrabotuvawa | 200.000 | 0 | 0 |
| EA0 | OP[TINSKA ADMINISTRACIJA(KAPIT. TRO[.) | | | |
| 480160 | Kupuvawe na oprema za greewe i klimatiz. | 30.000 | 0 | 0 |
| F20 | UREDUVAWE NA GRADE@NO ZEMJI[TE | | | |
| 426990 | Drugi operativni rashodi | -350.000 | 0 | 0 |
| F30 | UREDUVAWE NA GRAD. ZEMJ.VO RURAL. PODRA^JE | | | |
| 426990 | Drugi operativni rashodi | -200.000 | 0 | 0 |
| KA0 | KULTUR. MANIF. I TVORE[TVO (KAPIT. TRO[OCI) | | | |
| 482620 | Izgradba na spomenici | 5.000.000 | | |
| JF0 | IZGRADBA NA SOOBRA]AJNA SIGNALIZACIJA | | | |
| 482120 | Izgradba na ulici pati{ta i avtopati | -1.000.000 | | |
| JM0 | PARKOVI I ZELENILO (KAPITALNI TRO[OCI) | | | |
| 482920 | Izgradba na drugi objekti | -1.000.000 | | |
| N10 | OSNOVNO OBRAZOVANIE | | | |
| 421130 | \ubretarina | 1.000.000 | | |
| V10 | DETSKI GRADINKI | | | |
| 486110 | Kupuvawe na motorni vozila | | | -1.000.000 |
| 480190 | Kupuvawe na druga oprema | | | 100.000 |
| 481230 | Rekonstrukcija na delovni objekti | | | 900.000 |
| | | ----------------------------------------------------------- | | |
| | | 5.000.000 | 0 | 0 |

## ^len 2

Odlukata vleguva vo sila od denot na donesuvaweto i stanuva sostaven del na Buxetot na Op{tinata za 2010 godina, a }e se objavi vo *Slu`ben Glasnik na Op{tina \or~e Petrov*.

Broj 07-1974/3
od 07.07.2010 godina
Skopje

Sovet na Op{tina \or~e Petrov
P R E T S E D A T E L,
Aleksandar Stojkoski s.r.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Ѓорче Петров што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 07.07.2010 година.

**Број 08-2072/2**
**од 08.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 ), член 13 од Уредбата за начелата на внатрешната организација на органите на државната управа (Сл.Весник на Р.М. бр.105/2007) и член 16 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та Седница одржана на ден 07.07.2010 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За организација, делокруг и начин на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Ѓорче Петров**

## I. Основни одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира и се уредува внатрешната организација, видовите на организационите облици на општинската администрација, условите за нивно образување и раководењето со нив, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров (во натамошен текст: Општинска администрација).

**Член 2**

Се организира Општинска администрација за вршење на работи од надлежност на Општината утврдени со Законот за локална самоуправа, посебните закони за одделни области, Уредбата за начелата за внатрешната организација на органите на државната управа и Статутот на Општината.

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинската администрација кои вршат административно-технички или помошни работи кои немаат статус на државен службеник, ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи.

## II. Видови на организациони единици на општинската администрација

**Член 3**

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината, во Општината се организира општинска администрација.

**Член 4**

1. Општинската администрација се организира во следните сектори и одделенија:
- Сектор за нормативно - правни, општи работи, работи на Градоначалникот, јавни дејности и работа со Советот:
- Сектор за финансиски прашања;
- Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и Локален економски развој;
- Одделение за инспекциски работи - инспекторат;
- Одделение за внатрешна ревизија и
- Одделение за човечки ресурси.

**Член 5**

**1. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО - ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ, РАБОТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И РАБОТА СО СОВЕТОТ, се состои од:**

- Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот;
- Одделение за работи на Градоначалникот и јавни дејности;
- Одделение за општи и стручно- административни работи.

**2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, се состои од:**

- Одделение за финансирање, буџет и администрирање на даноци;
- Одделение за јавни набавки;

**3. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ се состои од:**

- Одделение за урбанизам и просторно планирање;
- Оделение за спроведување на урбанистички планови;
- Одделение за инвестициона градба и тековно одржување;
- Одделение за заштита на животна средина;
- Одделение за Локален економски развој.

## III. Делокруг и начин на извршување на задачите

### Член 6

**СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО - ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ,РАБОТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И РАБОТА СО СОВЕТОТ, ги врши следните работи:**

-подготвува акти за Советот и Градоначалникот;
-врши стручни, организациони и други работи во подготвувањето, одржувањето и реализацијата на седниците на Советот на Општината и седниците на неговите работни тела;
-ги проучува и следи прашањата од локалната самоуправа што преставуваат основа за изготвување на Програмата за работа на Советот;
-ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите;
-врши работи и задачи што се во функција за остварување на начелото за јавност и транспарентност во работењето на Општината;
-ја информира пошироката јавност за работата на Градоначалникот, Советот на Општината и работните тела на Советот;
-организира контакти со средствата за јавно информирање и обезбедува присуство на нивни преставници на прес-конференции и брифинзи со Градоначалнкот и Претседателот на Советот, како и на седниците на Советот;
-врши протоколарни работи за организирање на прослави од општински и поширок карактер;
-ја одржува ВЕБ страницата на Општината;
-ја следи проблематиката од областа на информациониот систем;
-врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
-презема активности во вршењето на јавните дејности ( образование, култута, спорт, социјална заштита и здравство);
-презема иницијативи и дава предлози за унапредување на условите за работа во јавните дејности;
-презема активности за основање и за учество во управувањето на основните училишта;
-презема активности за основање и управување на јавните установи за деца (детски градинки);
-врши работи од областа на цивилната заштита (во областа на заштита и спасување на граганите и материјалните добра од воените разурнувања и елементарни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив);
-ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;
-ја координира работата на месната самоуправа;
-врши и други работи.

### Член 7

Одделението за нормативно-правни работи и работа со Советот ги следи законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа и дава мислења по истите од својата област; ги врши работите што се однесуваат на изготвување на Одлуки и други општи акти и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот; ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите тела; дава мислење на актите од аспект на нивната

законитост; врши стручни и организациони работи за Советот и Градоначалникот; се грижи за извршување на Одлуките од надлежност на Советот; врши техничка подготовка на прописите донесени на седниците на Советот за нивно објавување; врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на Општината.

**Член 8**

Одделението за работи на Градоначалникот и јавни дејности врши работи што се однесуваат на информирање на пошироката јавност за работата на Градоначалникот, Советот на Општината и работните тела на Советот; изготвува информации, белешки и соопштенија за позначајни прашања и активности од надлежност на Општината и ги доставува до средствата за јавно информирање ; обезбедува присуство на средствата за јавно информирање на брифинзи и прес конференции на Градоначалникот и Претседателот на Советот; го изготвува и уредува општинскиот весник; одговара на барања на граѓаните согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; ја одржува ВЕБ страницата на општината; го развива информатичкиот систем на Општината, врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината; ги следи и се грижи за примена на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа, посебно што се однесуваат на јавните дејности; врши стручни и координациони работи од областа на јавните дејности; ги следи состојбите во поглед на развој на јавните дејности од областа на образованието, културата, спортот, здраствената заштита, социјалната заштита; презема активности за основање и за учество во управувањето на основните училишта; презема активности за основање и управување на јавните установи за деца (детски градинки); врши работи од областа на месната самоуправа, соработува со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Р. Македонија во смисла на размена на искуства за унапредување на процесите во јавните дејности; подготвува и предлага програми од областа на јавниот интерес; прибира и обработува податоци за изготвување на анализи, информации и други материјали од областа на јавните дејности; врши и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 9**

Одделението за општи и стручно - административни работи ги следи и се грижи за примена на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа, заштитата и спасувањето, архивското работење; ги следи и унапредува процесите во канцелариско и архивско работење кое го опфаќа приемот, распакувањето, евиденцијата и испраќањето на актите на органите на Општината, чувањето на архивираната документација и предавањето на архивираната документација во Архивот на Р.М; дактилографски работи; врши работи од надлежност на општината за претставки и предлози поднесени по разни основи, работи за возниот парк; општо-технички работи; планирањето, набавка на канцелариски и друг потрошен материјал, обезбедување на објектите; одржување на хигиената; хортикултурно уредување на дворните површини од општинските објекти; прием и пропуштање на странки, врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 10**

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, ги врши следните работи :**

- ги следи и проучува прописите од областа на финансиското, сметководственото и материјалното работење;
- изготвува стручни мислења по материјалите од надлежност на Секторот од аспект на нивна усогласеност со законите и другите прописи;
- подготвување на Буџетот на Општината и годишната сметка на буџетот;
- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот;
- подготвување на квартални извештаи за извршување на Буџетот
- подготвува други акти од областа на финансирањето;
- води сметководствена евиденција;
- води евиденција за имотот на Општината;
- поднесува извештаи за состојбата на буџетот на Општината;
- работи на материјално финансиските работи;
- води регистар на недвижен и подвижен имот;
- води евиденција на даночните обврзници;
- ги следи состојбите во утврдувањето и наплатата на даноци;
- врши наплата на комунални и административни такси и надоместоци;
- води сметководствена евиденција на буџетските корисници;
- врши распределба на средствата на блок дотациите по буџетските корисници;
- го следи и применува Законот за јавни набавки и ги спроведува постапките за јавни набавки;
- дава стручна помош на Комисијата за јавни набавки;
- обезбедува услови за работа на Комисиите за јавни набавки;
- врши и други работи;

**Член 11**

Одделението за Финансирање, буџет и администрирање на даноци ги врши работите што се однесуваат на: подготвување на буџетот и годишна сметка на буџетот како и други акти од областа на финансирањето; води сметководствена евиденција; води евиденција за имотот на Општината; учествува во изготвување на програми; поднесува извештаи за состојбата на буџетот на Општината; работи на материјално финансиските работи; ги администрира даноците кои се приход на Општината, комуналните такси, административните такси; врши координирање и усогласување со надлежните служби на Градот Скопје за утврдување и администрирање на заедничките даноци и комунални такси, води регистар на недвижен и подвижен имот, кој подлежи на оданочување, врши редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Државниот Завод за Геодетски работи; води сметководствена евиденција на буџетските корисници (локални јавни установи); врши распределба на средствата на блок дотациите по буџетските корисници; ги следи прописите и дава мислење по истите од својата област, други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на Општината.

**Член 12**

Одделението за јавни набавки ги следи и применува законските прописи и други општи акти од областа на јавните набавки; учествува во подготвувањето на годишниот план за јавни набавки; обезбедува услови за работа на Комисиите за јавни набавки; спроведува постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки и подзаконските акти; дава соодветна стручна помош на Комисиите за јавни набавки; остварува контакти со Бирото за јавни набавки и ги доставува до Бирото склучените договори и други потребни документи и информации, врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 13**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ги врши следните работи:**

- ги следи и применува прописите од областа на урбанистичкото планирање, градежништвото, комуналните дејности, заштита на животната средина и други прописи и општи акти кои се однесуваат на работењето на Секторот;
- го планира просторниот и урбаниот развој на општината;покренува иницијативи за донесување, измена и дополнување на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Градот Скопје;
-давање мислења по нацртите на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Градот Скопје;
-изготвува годишни програми за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални дејности;
-учествува во изготвувањето на детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населени места во општината;
-учествува во спроведувањето на урбанистичкит планови и проекти;
-утврдува услови на градба, урбанистичка согласност, одобренија за градење;
-ја води постапката за издавање одобренија за градење за градби од трета, четврта и петта категорија согласно законот за градење;
-изготвува акт за регулациона, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба и врши заверка на основниот проект за градби од трета, четврта и петта категорија согласно законот за градење;
-дава стручно мислење во постапките за издавање на одобренија за употреба на градби и постапката за технички прием на градба;
-ја спроведува управната постапка за реализација на урбанистичките планови на општината;
-врши евидентирање и следење на податоци од интерес на просторниот и урбаниот развој на Општината;
-покренува иницијативи за преземање мерки за заштита на животната средина и природата, мерки за заштита и спречување од загадувањето на водата, воздухот, земјиштето и друг вид на заштита;
- врши работи кои произлегуваат од областа на домувањето како следење и евидентирање на податоци на територија на Општината.

-изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти;

-одржување на јавната чистота на сервисните и станбените улици;

-организирање, изнесување и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад;

-изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на Општината;

-одржување на гробовите и гробиштата и давање на погребални услуги на општинските гробишта со урбанистички план;

-изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за Општината утврдени со урбанистички план;

-одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбените улици;

-покренува иницијативи и врши изградба, регулација, одржување и користење на речните корита;

-отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;

-одржување и користење на јавните пазари;

-изградба и одржување на јавни санитарни јазли;

- ги следи и применува законските прописи и други општи акти од областа на локалниот економски развој, информирањето и слободниот пристап на информации;

- изготвува стратегии и планови за локалниот економски развој на Општината;

- предлага утврдување на развојните и структурните приоритети на Општината;

- ја следи состојбата во стопанството на Општината;

-дава подршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во Општината;

-остварува соработка со меѓународни фондации и невладини организации;

-остварува меѓународна соработка на полето на локалната самоуправа;

-врши и други работи;

**Член 14**

Одделението за урбанизам и просторно планирање ги врши работите што се однесуваат на: просторно и урбанистичко планирање во Општината, покренува иницијатива и предлози за промена на Генералниот план на Град Скопје, покренува иницијатива и предлози за донесување или изменување на Деталните урбанистички планови, учествува во изготвувањето детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населени места во општината; ги следи состојбите во урбанизмот на подрачјето на Општината, ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите, соработува со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Р. Македонија во рамките на проблематиката од урбанистичкото и просторното планирање, учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето во одделението, врши и други работи утврдени со Законот, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 15**

Одделение за спроведување на урбанистички планови ги врши работите што се однесуваат на реализација на урбанистичките и просторните планови; утврдува услови за градба; ја води постапката за издавање одобренија за градење за градби од трета, четврта и петта категорија согласно законот за градење; дава стручно мислење во постапките за издавање на одобренија за употреба на градби и постапката за технички прием на градба; дава акт за регулациона, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба и врши заверка на основниот проект за градби од трета, четврта и петта категорија согласно законот за градење; ја спроведува управна постапка по предмети од своја надлежност согласно со закон; ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите, учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето во одделението, врши и други работи утврдени со Законот, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 16**

Одделението за инвестициона градба и тековно одржување ги врши следните работи: снабдување со вода за пиење ; испорака на технолошка вода ;одведување и прочистување на одводните води ; одржување на јавна чистота; изградба и одржување на локални патишта и сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти(водоводна, топлификациона и канализациона мрежа); изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; покренува иницијативи и врши изградба, регулација, одржување и користење на речните корита; изградба и одржување на пазарите; изградба и одржување на паркови и зеленила; ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите врши работи од областа на домувањто како следење и евидентирање на податоци на територијата на Општината; учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето на оделението; врши и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 17**

Одделението за заштита на животна средина ги врши следните работи: ги следи и применува прописите од областа на заштита на животната средина, заштита на природата, заштита од бучава во животната средина, квалитетот на амбиенталниот воздух и други прописи; изготвува годишни програми за заштита на животната средина; врши мониторинг (следење) на состојбите во животната средина и предлага мерки за заштитата и унапредувањето на животната средина и природата (водата, воздухот, земјиштето), заштита од бучавата и нејонизирано зрачење, остварува соработка со мегународни институции и невладини организации, соработува со Министерството за заштита на животната средина, со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Р. Македонија во рамките на проблематиката од заштита на животната средина, учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето во одделението, врши и други работи утврдени со Законот, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 18**

Одделението за локален економски развој ја следи состојбата во стопанството во Општината, изготвува стратегии и планови за локалниот економски развој на Општината, предлага утврдување на развојните и структурните приоритети на Општината, предлага и спроведува мерки за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и предприемништвото во Општината, води регистар на деловни субјекти на територијата на Општината, подготвува информации од значење за локалниот економски развој, следи конкурси за домашни и странски донации, изготвува проекти за аплицирање по истите, остварува соработка со мегународни институции и невладини организации, соработува со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Р. Македонија во рамките на локалниот економски развој, ги следи прописите и дава мислење по истите од својата област, врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината**.**

**Член 19**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ-ИНСПЕКТОРАТ ги врши следните работи:**

**-** ги следи и применува прописите од областа на инспекцискиот надзор во локалната самоуправа, урбанистичкото планирање, градежништвото, комуналните дејности, заштита на животнатасредина, управување со отпадот и други прописи и општи акти кои се однесуваат на работењето на Одделенето;
- врши инспекциски надзор за легалноста при изградбата на објекти;
- наредува прекинување на изградба, отсранување на градба и затварање на градилишта и други работи согласно со Законот за градење;
- врши инспекциски надзор во областа на донесувањето на урбанистичките планови;
- врши увид во начинот на чување и заверување на урбанистичките планови и картонираните подлоги;
- врши инспекциски надзор врз законитоста на решенијата за локациски услови и други работи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- врши инспекциски надзор од областа на комуналните дејности согласно Законот за комунални дејности;
- презема активности за отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;
- инспекциски надзор над примената на прописите што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, авто - такси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на Општината, како и на состојбата на локалните патишта и улиците и на условите на сообраќајот,
- инспекциски надзор над примената на поблиските прописи, техничките нормативи и стандардите при изведувањето на работите и употребата на материјалот при изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на тие патишта и улици, согласно Законот за превоз во Патниот сообраќај и Законот за јавни патишта
- инспекциски надзор од областа на заштита на животната средина согласно Законот за животна средина и други прописи од оваа област;

- инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на основното образование согласно со закон;
- инспекциски надзор во областа на спортот;
- инспекциски надзор во областа на наплата на даноци , комунални такси и други давачки;
- инспекциски надзор согласно Законот за угостителска дејност и Законот за туристичка дејност;
- извршување на правосилните решенија од овластените инспектори,
- врши и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 20**

**ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ги врши следните работи:**

- Ги следи, проучува и применува законските прописи и други општи акти во областа на внатрешната ревизија и други законски и општи акти од областа на локалната самоуправа;
- Врши внатрешна ревизија согласно со Закон и други прописи и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од општината, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- Подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот на Општината го обезбедува неговото спроведување и следење;
- врши внатрешна ревизија на регуларност, финансиски ревизии, системски, ИТ ревизии и ревизии на успешност (економичност, ефикасност и ефективност);
- Доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија при Министерството за финансии;
- Подготвува годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- Врши оценување на значајни фактори на ризик и дава совети на Градоначалникот за намалување на факторите на ризик;
- Врз основа на анализи од работењето ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето по системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на Општинската администрација;
-Ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финснсиските извештаи;
- Ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите и подзаконските акти на органите на Општината;

**Член 21**

**ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ги врши следните работи:**
- ги следи, проучува и применува законските прописи од областа на локалната самоуправа, работните и службеничките односи;
- ја подготвува одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите на општинската администрација, Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација, како и измените и дополнувањата на овие акти;

- изготвува стручно- аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- подготвува и обработува податоци во врска со човечките ресурси и обработува документација за изработка на анализи и информации;
- ја води и ажурира електронската база на податоци за вработените;
- ги води персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација;
- води евиденција за присуство на работа на вработените;
- соработува со Агенцијата за државни службеници во однос на сите прашање поврзани со Законот за државни службеници (работни односи, обуки, оценување и др.);
- ја спроведува постапката за вработување на државните службеници и на лицата без статус на државни службеници;
- ги пополнува и доставува ДС обрасците до Централниот регистар за државни службеници што го води Агенцијата за државни службеници;
- учествува во подготовка на годишната програма за обука на државните службеници и вработените во општинската администрација без статус на државни службеници;
- врши оценка на потребите за обуки и предлага насоки за доусовршување на вработените;
- го координира процесот на оценување на државните службеници;
- врши координација и го подготвува планот за користењето на годишните одмори;
- се грижи за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените;
- врши и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината.

**Член 22**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

## IV. Раководење со организационите единици

**Член 23**

Работата на општинската администрација е јавна.

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината.

**Член 24**

Со Секторот раководи Раководител на Секторот.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошник раководител на секторот.

Со Одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на Секторот.

**Член 25**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на Општината, со Правилникот за системетизација на работните места на општинската администрација.

**V. Преодни и завршни одредби**

**Член 26**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Ѓорче Петров број 07-351/3 од 20.02.2008 година, објавена во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 2/08 година.

**Член 27**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*, а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници.

**Број 07-1974/4**
**од 07.07.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 14.8. во ДУП населба Хром, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 14.8. во ДУП населба Хром, општина Ѓорче Петров, со намена А1-семејно домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 07.07.2010 година.

**Број 08-2072/3**
**од 08.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација бр. 20-234/5 од 23.06.2010 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 07.07.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 14.8. во ДУП населба Хром, Општина Ѓорче Петров,**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за ГП 14.8 во ДУП населба Хром, Општина Ѓорче Петров, со граници на плански опфат од 0,1 ха и површина на парцела 796 м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- североисток: осовина на ул. Воин Драшкоци,
- северозапад: граница на ГП 14.8 со ГП 14.7
- југозапад: граница на ГП 14.8 со ГП 14.11
- југоисток: граница на ГП 14.8 го ГП 14.9 и ГП 14.10

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е А1 - домување во станбени куќи.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од Тајфа план ДОО Скопје, со технички број 224/06/10 и лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0018/09.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-1974/5**
**од 07.07.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена мост со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат, што опфаќа подрачје на две општини - Ѓорче Петров и Сарај**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот со намена мост со определување на градежна парцела во рамки на плански опфат, што опфаќа подрачје на две општини- Ѓорче Петров и Сарај, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 07.07.2010 година.

**Број 08-2072/4**
**од 08.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација, Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на ден 07.07.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за мост преку р.Вардар, врска помеѓу ул.Ѓорче Петров и ул.Сарај, што опфаќа подрачје на две општини-Ѓорче Петров и Сарај**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за мост преку р.Вардар, врска помеѓу ул.Ѓорче Петро ви ул.Сарај, што опфаќа подражје на две општини- Ѓорче Петров и Сарај, со големина на плански опфат од 0,51 ха.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- север: ул.Ѓорче Петров
- запад: постоен мост
- југ: профил на ул.Сарај
- исток: проширување паралелно со постојниот мост за 11,5 м.

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е Е1-сообраќајна инфраструктура.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од АД за Урбанизам, Архитектура и инженеринг *ЗУАС*-Скопје, со технички број 2186/2010.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-1974/6**
**од 07.07.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.2.4 од ДУП Реонски Центар, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.2.4 од ДУП Реонски Центар, Општина Ѓорче Петров, со намена администрација (локална самоуправа), заради имплементирање на законските измени, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 07.07.2010 година.

**Број 08-2072/5**
**од 08.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 07.07.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.2.4 од ДУП Реонски центар-Ѓорче Петров со намена администрација зареди имплементирање на законски измени**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела **2.2.4**, од ДУП Реонски центар - Ѓорче Петров, со намена администрација (локална самоуправа), заради имплементирање на законските измени.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена администрација (локална самоуправа), во која треба да се имплементираат сите законски измени во однос на класи на намена и параметри за градење.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба, како и компатибилноста на класи на основната класа на намени), ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е Планска Програма за изработка на ЛУПД за ГП2.2.4, графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП Реонски центар - Ѓорче Петров за ГП 2.2.4.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1974/7**
**Од 07.07.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлука за утврдување на ДУП за дел од УЗ Мирче Ацев -УБ9 (дел), Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на ДУП за дел од УЗ Мирче Ацев -УБ9 (дел), Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 07.07.2010 година.

**Број 08-2072/6**
**од 08.07.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 27-та седница одржана на 07.07.2010 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**за утврдување на Детален урбанистички план**
**за дел од УЗ Мирче Ацев -УБ9 (дел)**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Мирче Ацев -УБ9 (дел) - Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005, 137/2007 и 91/09), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006, 140/2007, 12/09 и 93/09)

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Мирче Ацев-УБ9 (дел), Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од **1,8 ха**, со следни граници на опфат:

- на југ: ул.Ѓорче Петров, врти по пристапна улица на север и исток до
- на исток: ул: Арсение Јовков
- на север ул. Мечкин Камен
- на запад : ул. Сремски фронт (постојна)

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Мирче Ацев-УБ9(дел), Општина Ѓорче Петров е изработен од А.Д.за урбанизам, архитектура и инженеринг "ЗУАС"-Скопје, со технички број 2168/2009.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

# А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ


1. ВОВЕД
2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. СОСТОЈБА НА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

4.1. Местоположба и сообраќајна поврзаност

4.2. природни карактеристики

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ

5.1 Анализа на состојбата на просторот

5.2 Намена на просторот

5.3 Демографија

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

6.1. Градежен фонд

6.2. Станбен фонд

6.3. Комерцијални и деловни намени

6.4. Верски објект-црква

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ
8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

8.1 Постојна улична мрежа

8.2 Хидротехничка инфраструктура

8.3 Електроенергетика

8.4 Телефонска мрежа

9. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ
10. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА
11. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
12. ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО- ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОЈЕ
13. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
14. ПОПИСНИ ЛИСТИ

# Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002-2020год.....1:5000
2. Извод од ДУП. ............................................ 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога
   Скица на премерување ..................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби. 1:1000
5. Инвентаризација и снимка на изградениот градежен фонд....1:1000
6. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура............. 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД
2. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД
3. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО-ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ
5. ПЛАНСКА ПРОГРАМА
6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ
7. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА

7.1. Поделба и обележување на границите на градежното земјиште
7.2. Класа на намени на површини и градби
7.2.1 Домување
7.2.2 Комерцијални и деловни дејности

8. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА НА СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

8.1. Сообраќајна инфраструктура
8.1.1. Сообраќаен план
8.1.2. Нивелациски план
8.2. Комунална инфраструктура
8.2.1. Хидротехничка инфраструктура
8.2.2. Електроенергетика
8.2.3. Телефонска мрежа

9. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

9.1. Нумерички показатели
9.2. Билансни показатели

10. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
11. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

11.1. Општи услови за изградба
11.2. Посебни услови за изградба

12. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

12.1. Мерки и средства за заштита и санација на животната средина
12.2. Мерки за заштита од пожар на објектите

12.3. Мерки за заштита од воени разурнувања
12.4. Заштита од природни непогоди

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите .......... 1:1000
2. Регулационен план и План на површини за градење 1:1000
3. Сообраќаен план
   Нивелациски план 1:1000
4. Инфраструктурен план 1:1000
5. Синтезен план 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, веднаш по завршување на целокупната законска постапка за утврдување на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ќе ја продолжи постапката до негово донесување.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1974/8**
**од 07.07.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**